**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-25/5**
**Скопје,06.02.2025 година.**

Записник од петнаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 06.02.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на петнаесетата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори петнаесетата седница на Советот и воедно предложи дневниот ред биде дополнет по што истиот ќе гласи:

## Дневен ред

1. Усвојување на записникот од 14-та седница на Советот
2. Донесување на одлука за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Берово
3. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во РСМ
4. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга
5. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје
6. Донесување на одлука за изготвување на Годишен извештај на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2024 година
7. Разно

Вака дополнетиот дневен ред предложен од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, од страна на членовите на Советот едногласно беше усвоен записникот од 14-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на објавениот оглас од страна на Советот на ден 26.12.2024 година, за избор на јавен обвинител во ОЈО Берово се има пријавено само еден кандидат. Истакна дека пријавениот кандидат г-ѓа Сузана Бошнаковска ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Делчево, и воедно ги запозна членовите на Советот со биографијата на кандидатот и движењето во кариерата. Кажа дека ја има завршено обуката за судии и јавни обвинители во АСЈО по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека била во комисијата за интервју и смета дека не само поради тоа што е единствен кандидат, туку истиот ги исполнува условите да биде избран за јавен обвинител во ОЈО Берово, дека има завршено Академија за судии и јавни обвинители и моментално ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Делчево и со овластување на вишиот јавен обвинител неколку месеци ја извршува функцијата јавен обвинител во ОЈО Берово.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева се согласи со членот на Советот г-ѓа Кети Петкова и воедно истакна дека кандидатот е со живеалиште во Берово и заради економичност потребно е да биде избрана за јавен обвинител во ОЈО Берово.

Г-дин Ермон Незири кажа дека ги познава стручните квалитети на кандидатот, дека и бил ментор, дека тука станува збор за хоризонтално движење на кандидатот и дека претставува дел од стратегијата на Советот, со цел пополнување на јавнообвинителски места во јавните обвинителства каде што недостасуваат јавни обвинители и се надева дека со новиот оглас за избор на јавни обвинители ќе може да се пополнат јавнообвинителски места на територија на РСМ.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се согласи со дискусиите на членовите на Советот и кажа дека станува збор за јавно обвинителство кое не е со проширена надлежност, поточно постапува по кривични дела до пет години. Истакна дека кандидатката тој услов го исполнува. Кажа дека се работи за јавен обвинител во ОЈО Берово, а не за шефовско место. Потенцираше дека ОЈО Берово мора да има јавен обвинител во моментот барем еден, а потатаму во зависност од кандидатите од осмата генерација на слушатели на АСЈО ќе се види по распишаниот оглас доколку се пријават кандидати согласно предвидената систематизација ќе се пополнува ова јавно обвинителство. Воедно даде подршка за избор на кандидатот за јавен обвинител во ОЈО Берово.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека со изборот на еден јавен обвинител во ЈОРСМ кој претходно бил јавен обвинител во ова јавно обвинителство, ова јавно обвинителство е останато непополнето и се согласува пријавениот кандидат да биде избран за јавен обвинител во ОЈО Берово.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање предлогот јавниот обвинител Сузана Бошнаковска биде избрана за јавен обвинител во ОЈО Берово.

Се пристапи кон гласање по што едногласно со десет гласа ЗА јавниот обвинител Сузана Бошнаковска беше избрана за јавен обвинител во ОЈО Берово.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која јавниот обвинител во ОЈО Делчево Сузана Бошнаковска е избрана за јавен обвинител во ОЈО Берово.**

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека слушателите од осмата генерација во АСЈО ја имаат завршено почетната обука, дека ги имаат добиено уверенијата за завршена Академија за судии и јавни обвинители. Во заедничката средба со Судскиот совет, согласно проекциите кои двата Совети ги имаат доставено до АСЈО во текот на 2020 година, предвидени се 47 јавнообвинитеслки места, а 50 места за судии. Воедно кажа дека двата Совети се имаат договорено да се држат кон проекциите и одлуките кои ги имаат доставено до АСЈО. Кажа дека во Советот е направена проекција на јавни обвинителства за која е известен и јавниот обвинител на РСМ, и како би се движеле бројките со оглед на состојбите и недостатокот на јавни обвинители на ниво на РСМ. Претседателот на Советот кажа дека во моментот недостасуваат околу 100 јавни обвинители и дека во некои јавни обвинителства состојбата е алармантна. Воедно ги запозна членовите на Советот со изготвената проекција за пополнување на јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства во РСМ и тоа:

Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен
Четиринаесет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје
Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга
Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Струмица
Четворица јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово
Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип

Откако ги запозна членовите на Советот со предвидената проекција за пополнување на јавно обвинителски места во основните јавни

обвинителства во РСМ, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека ваквиот распоред е повторно редуциран за да се пополнат најнеопходните јавнообвинитеслки места од причина што и понатаму ќе се појават проблеми со недостаток на јавни обвинители, посочувајќи го ОЈО Кичево како што кажа двајца јавни обвинители поради исполнување на услови за старосна пензија ќе им престане функцијата јавен обвинител. Потенцираше дека овие места кои се опфатени во проекцијата се најнеопходни кои треба да се пополнат. Воедно се сложи со предлогот на претседателот на Советот со искажаната проекцијата.

Г-ѓа Кети Петкова во контекст на веќе кажаното истакна дека проекцијата на СЈОРСМ е усогласена со ССРСМ, како и со донесените одлуки од страна на двата Совети кои биле доставени до АСЈО. Кажа дека се зависи од тоа колку кандидати ќе се јават на огласот и за кои јавни обвинителства, па во зависност од тоа ако има потреeба ќе се објави и друг оглас за избор на јавни обвинителили.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предлог проекцијата ја стави на гласање.

Едногласно со десет гласа ЗА истата беше усвоена од страна на членовите на Советот за објавување на 47 јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства во РСМ. Советот донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства.

**Заклучок|: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства и тоа:**

**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Битола**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Велес**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гевгелија**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Гостивар**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Делчево**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кочани**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево**
**Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Куманово**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Крива Паланка**
**Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Охрид**
**Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Прилеп**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Радовиш**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен**
**Четиринаесет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје**
**Еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струга**
**Двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Струмица**

**Четворица јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Тетово**
**Тројца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Штип**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека во месец април на ОЈО на ОЈО Струга му истекува мандатот како шеф на тоа јавно обвинителство и согласно законот Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на ОЈО на ОЈО Струга. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Откако никој не зема збор членовите на Советот едногласно се сложија со предлогот на претседателот на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.**

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на двајца јавни обвинители во ОЈО ГОКК – Скопје им истекува мандатот за кој се избрани и во законски утврдениот рок предложи Советот да донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Од страна на членовите на Советот предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен.

**Закучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.**

Под точка пет од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот секоја година изготвува Годишен извештај за работата на Советот и истиот се доставува до Собранието на РСМ. За таа цел кажа дека Советот треба да донесе одлука за формирање на Комисија која ќе го изготви годишниот извештај на Советот за 2024 година. Воедно предложи за членови на Комисијата да бидат г-ѓа Марјана Илиеска, г-ѓа Светлана Стојковиќ и г-дин Ардиан Демири.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за формирање на Комисија за изготвување на Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2024 година во состав г-ѓа Марјана Илиеска, г-ѓа Светлана Стојковиќ и г-дин Ардиан Демири.**

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот дека јавен обвинител во ОЈО Скопје до Советот има поднесено барање за

престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија, иако 64 години возраст навршува на 06.08.2025 година, истиот имал бенифициран стаж и сметал дека ги исполнува условите за старосна пензија пред 06.08.2025 година. Кажа дека истиот до Советот доставил документација од ПИОМ, но на 27.01.2025 година се има повторно писмено обратено до Советот, каде претходното барање го повлекува.

Под истата точка од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да формира Комисии кои ќе ги спроведат интарјуата со кандидатите кои ќе се јават на огласите. Воедно предложи да се формираат две комисии и тоа во едната комисија да членуваат г-дин Ермон Незири, г-ѓа Јелена Догазанска Колева, г-ѓа Кети Петкова и г-дин Ардиан Демири, додека другата комисија да биде сочинета од членовите г-ѓа Светлана Стојковиќ, г-дин Башким Бесими, г-ѓа Мајрана Илиеска и г-ѓа Зорица Павловиќ.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи петнаесеттата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**